**ГРАД СКОПЈЕ**
**Бр. 09-** 7995/3
12.09.2018
**Скопје**

Врз основа на чл.48 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/16, 142/16 и 11/18), како и чл.2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен Весник на Република Македонија" бр. 11/15 и 35/18), Град Скопје, објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за пополнување на работни места со унапредување**
**бр.04/2018**

**1. Помлад соработник за геодетски работи** со шифра УПР0101В04000, на ниво В4, Одделение за просторно и урбанистичко планирање, Сектор за планирање и уредување на просторот - **1 (еден) извршител.**

**Посебни услови:**

**Стручни квалификации** - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; геодезија.

**Работно искуство** - со или без работно искуство во струката.

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Потребни посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Работно време**: Понеделник до петок, од 08:30 – 16:30, 40 часа неделно.
**Нето месечна плата**: 20.961 денари.

**2. Советник за документирање и управување со постапките за издавање одобренија** со шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за издавање одобренија за градење, Сектор за планирање и уредување на просторот - **1 (еден) извршител.**

**Посебни услови:**

**Стручни квалификации** - ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, архитектонски, урбанизам и планирање или градежништво и водостопанство.

**Работно искуство** - најмалку три години работно искуство во струката

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Потребни посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Работно време**: Понеделник до петок, од 08:30 – 16:30, 40 часа неделно.
**Нето месечна плата**: 24.998 денари.

**3. Самостоен референт за автоматизирана евиденција и ажурирање на податоци** со шифра УПР0101Г01000, на ниво Г1, Одделение за категоризација, нумерирање и именување на инфраструктурни објекти, Сектор за комунални работи - **1 (еден) извршител.**

**Посебни услови:**

**Стручни квалификации** - ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо образование или средно образование гимназија, културолошка или биротехничка струка.

**Работно искуство** - најмалку три години работно искуство во струката.

**Потреби општи работни компетенции на основно ниво:**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.